ИЗЛОЖБА

SB

# "СЛИКАРИ И СКУЛПТОРИ АКАДЕМИЦИ" ПО ПОВОД 40 ГОДИНИ МАНУ

**Македонската академија на науките и уметностите не е само ризница каде што се чува националното уметничко богатство - таа е место каде што тоа богатство се создава.**



Пишува: **Милева ЛАЗОВА**

По повод 40 години постоење на Македонската академија на науките и уметностите, покрај низа други активности, беше отворена и изложбата "Сликари и скулптори академици". Презентиран е избор од делата на уметниците Јордан Грабулоски-Грабул, Димитар Кондовски, Димче Коцо, Вангел Коџоман, Лазар Личеноски, Никола Мартиноски, Боро Митриќески, Томе Серафимовски, Младен Србиновиќ, Васко Ташковски, Димо Тодоровски и Киро Урдин, по концепција на ликовниот критичар и историчар на уметност Емил Алексиев.

Делата на овие уметници зрачат во сопственото опкружување и околу себе исцртуваат круг од светлина. Димензиите на кругот и интензитетот на светлината се во сооднос со вредноста на самите дела.

Со цел на што подостоинствен начин да се претставаат академиците уметници беше издадена и публикација во чиј пригоден текст господинот Емил Алексиев запишал: "Делата на основоположниците на македонската современа уметност, вклучени во изложбата, се темелници врз кои е изграден и целиот систем на вредности кои ги промовира Академијата. Вредните творечки остварувања, на рамништето на историјата, ја создаваат мапата на ѕвезденото небо на македонската ликовна уметност. Денес, оваа ѕвездена мапа е од исклучително значење за ориента-



КРСТЕ МИСИРКОВ, ДЕЛО НА ДИМИТАР КОНДОВСКИ



РАЗИГРАНИ ПТИЦИ, ДИМЧЕ КОЦО



КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ, ДИМО ТОДОРОВСКИ



ИСУС ХРИСТОС, ТОМЕ СЕРАФИМОВСКИ

# НА НАЦИОНАЛНАТА

# ЕЗДЕНОТО НЕБО


РАСЧИСТУВАЊЕ, ВАСКО ТАШКОВСКИ

**"Уште од првите години на своето постоење МАНУ даде докази дека го сфаќа и високо го цени придонесот на ликовните уметници кон градењето на општата претстава за една национална култура. Тоа се гледа од фактот дека меѓу првите членови на Академијата имаме истакнати ликовни творци, а во годините потоа, речиси при секој нов избор, овој список се зголемува.**

**Во творештвото на тие сликари и скулптори јасно беа видливи белезите во кои можеме да го согледаме и сеќавањето за високото ниво на ликовниот израз во минатото и напорот насочен кон создавањето и одржувањето линија на континуитет и досегнувањето на новите високи вредности кои соодветствуваат со новите времиња", истакна академик Влада Урошевиќ на отворањето на изложбата.**


МАРКО ЦЕПЕНКОВ, БОРО МИТРИЌЕСКИ

ција и за навигација во нашата стварност".

На преминот меѓу XIX и XX век е направен радикалниот чекор кој ја упатил уметноста кон нови и непредвидливи патишта. Прифаќајќи ги со задоцнување и следејќи ги од дистанца бурните промени во европската уметност, кај македонските уметници растел интересот за вклучување во брзите текови, но и интересот за сопствената ликовна традиција. Моќното влијание на уметничките центри во кои се школувале македонските уметници и проклетството на дисконтинуитетот во една растргната, разурната и поделена земја, каква што била Македонија во првата половина од минатиот век, ги одредиле насоките по кои се движеле ликовните определби на основоположниците на македонската современа уметност. Подоцна, општествените процеси кои се одвивале придонеле не само да се развие слободата на творештвото, туку се создале сосема нови претпоставки за развојот на уметноста воопшто. Во тој период се засилил веќе започнатиот процес на ослободување од наметнатите ликовни конвенции, со проширување на тематиката, со акцент врз пејзажот и врз портретот за сметка на мотивите од војната и од обновата на земјата. Набрзо избила беспоштедна битка меѓу модерните и конзервативните уметници. На ликовната сцена сè уште била доминантна постарата генерација уметници, меѓутоа во ликовниот живот се вклучила и една нова генерација млади сликари и скулптори. Во шеесеттите години еден новооформен круг уметници го почнале својот пробив на меѓународно рамниште. Во тоа време била формирана и МАНУ, кога и се афирмира група автори, со особени ликовни поетики, кои подоцна станале членови на Академијата. Во седумдесеттите години на минатиот век настапил црн бран во уметноста, додека во осумдесеттите ликовната уметност се движела во нови стилски насоки. Во деведесеттите години македонските уметници се обиделе да одговорат на предизвикот на времето. На почетокот на XXI век уметноста се движи кон нови и непредвидливи патишта, така што и пред МАНУ се поставени нови предизвици.

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ